( Образец ПП……)

**До: Инспекциски совет**
Ул. Даме Груев бр. 3, блок 2, локал 5
Скопје

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Информација по која процедура Инспекцискиот совет ја спроведе својата обврска од член 103 став 5 на Законот за инспекциски надзор.

Информацијата во однос на процедурата и постапката по која Инспекцискиот совет ги утврди инспекторите вработени во инспекциските служби на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор. Информацијата која треба да ми ја доставите меѓудругото би требало да ги содржи следните информации:

Информација дали членовите на Инспекцискиот совет со личен увид во општините ги утврдиле инспекторите вработени во инспекциските служби на општините на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор.

Информација дали Инспекцискиот совет побарал од некој друг орган (на пример Управната инспекција) да ги утврди инспекторите вработени во инспекциските служби на општините на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор.

Информација дали Инспекцискиот совет побарал општините да достават список на инспекторите вработени во инспекциските служби на општините на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор.

Информација ако Инспекцискиот совет побарал општините да достават список на инспекторите вработени во инспекциските служби на општините на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор дали и на кој начин Инспекцискиот совет извршил контрола на доставените списоци од општините во однос на тоа дали на доставените списоци има лица кои не се инспектори и дали на доставените списоци нема лица кои се инспектори.

И информации за други активности поврзани со работата на Инспекцискиот совет во утврдување на инспекторите вработени во инспекциските служби на општините на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

[redacted]

**Во Скопје, 08.10.2024 година .** ____________________________